Приватна непрофитна високообразовна установа
самостојна висока стручна школа
БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ - БАС
СКОПЈЕ

| Примено: 17.01.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 0401 | 46/1 | | |


# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО ЗВАЊЕ ВО ПОСТОЈАН РАБОТЕН ОДНОС НА БИЗНИС АКАДЕМИЈАТА СМИЛЕВСКИ- БАС ЗА НАСТАВНАТА ОБЛАСТ ОПЕРАТИВЕН МЕНАЏМЕНТ

Со одлуката за формирање на Рецензиона комисија за изготвување на реферат и оценка за избор на наставници во наставно звање на Бизнис академијата Смилевски – БАС определени сме за членови на Рецензионата комисија за избор на наставник во постојан работен однос во наставната област Оперативен менаџмент.

Со одлуката бр. 0205-248/4 од редовната 200-та седница од Наставничкиот совет на БАС, одржана на 19.10.2021 година од Наставничкиот совет ги добивме и следниве документи: 1) пријава по конкурс, мотивационо писмо, CV, дипломи за завршен втор циклус на студии, копии од објавени трудови, сертификати; 2) извод од законот за високото образование во делот што се однесува за избор на наставници и соработници за високите стручни школи и 3) студиската програма од наставната област.
По проучувањето на спомenатите документи, Рецензионата комисија, во состав: проф. д-р Тони Соклевски, професор на Бизнис академија Смилевски- БАС, ред.проф. д-р Добри Петровски, редовен професор на Педагошки факултет, Битола, Проф. д-р Таип Јакупи, проф. д-р на Бизнис Академија Смилевски - БАС, Скопје; има чест на Наставничкиот совет да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

## I. Преглед на пријавените кандидати

На конкурсот за наставници на БАС објавен во дневниот весник Нова Македонија на ден 18.09.2021 година за избор на наставник во наставната област Оперативен менаџмент се пријави вкупно 1 (еден) кандидат:

1. ***М-р Ѓорѓиевски Иван***

Кандидатот како подобен за избор во звање и кој претходно ја има поминато хабилитационата постапка, комисијата во продолжение ги прикажува и оценува неговите остварувања:

## 1. М-р Ѓорѓиевски Иван

### А) Образовен развој

Иван Ѓорѓиевски е роден на 28.11.1987 година во Куманово, а основно и средно образование завршува во Скопје. Во 2011 година се запишува на Бизнис академија Смилевски БАС- Скопје и во 2014 година дипломира со просек од 10,00 здобивајќи се со називот Дипломиран оперативен менаџер. Истата година, во 2014-та се запишува на постдипломските студии по менаџмент на човечки ресурси на Институтот за социолошки и политичко правни истражувања при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Во 2017 година го брани својот магистерски труд под наслов: Влијанието на бизнис лабораторијата и студентската практика врз перцепцијата на вработливост на студентите по бизнис и менаџмент и ги завршува постдипломските студии со просек 9,73 стекнувајќи се со називот Магистер на менаџмент на човечки ресурси.

### Б) Кариерен развој

Иван Ѓорѓиевски од 2010 до 2015 година ангажиран е како проектен координатор и претседател на Здружението на граѓани интегритет алфа и омега од Скопје каде се реализираа развој, подготовка, организација и реализација на проектни активности од областите на едукација, спорт, социјална одговорност и заштита на загрозени групи. Учество на проекти, работилници и семинари од областите на образование и спорт за сите.

Од 2013 година до денес ангажиран е како помлад консултант во Детра Центар Скопје во делот на :

- Развој и подготовка на обучувачки материјали;
- Развој, подготовка и одржување на обучувачки работилници за презентациски вештини, кризен менаџмент, планирање и менаџмент со операции, оперативно планирање, операционализација на стратегија, надзорнички и оперативен менаџмент, менаџмент со верига на набавки, организациски промени, организациска дијагностика и слично;
- Одржување на работилници со користење на интерактивни, меѓусебно поврзани активности со цел градење на компетенции за подобрување и надградување на работата во тим.

Од 2015 година до денес во Бизнис академија Смилевски- БАС е IT & moodle администратор, како и графички дизајнер. Неговите активности се следните:

- Дизајн, планирање и изработка на креативни графички решенија за промоција и маркетинг на БАС;
- Одржување на техничката и IT опремата во просториите на БАС во Скопје и во Битола;
- Одржување и администрација на електронските студентски портали, http://portal.bas.edu.mk и http://portal2.bas.edu.mk.
- Одржување на соодветни обуки за користење на опремата и студентскиот портал.
- Дизајн, одржување и администрација на интернет страната на БАС, http://bas.edu.mk.

Од 2017 година наваму е избран и ангажиран како демонстратор и координатор за Бизнис лабораторија во БАС Скопје и неговите основни активности се следните:

- Планирање, подготовка на материјали и изведба на наставата по предмети од наставната група предмети по оперативен менаџмент: Основи на менаџмент и Бизнис лабораторија;
- Фасилитација на студентска работа за развој на вештини и компетенции преку интерактивни активности;
- Асистенција и менторство за поддршка на совладување на наставниот материјал;
- Координација на активностите во бизнис лабораторијата како симулирано окружување за стекнување на практично искуство од областа на бизнисот и менаџментот.

Од 2018 година наваму е избран и ангажиран како предавач на студиската област по оперативен менаџмент во БАС Скопје и неговите основни активности се следните:

- Планирање, подготовка на материјали и изведба на наставата по предмети од наставната група предмети по оперативен менаџмент на додипломските студии на БАС:
  - Основи на менаџмент
  - Надзорнички менаџмент
  - Оперативен менаџмент 1
  - Оперативен менаџмент 2
  - Основи на оперативен менаџмент
  - Основи на проектен менаџмент
  - Менаџмент со верига на набавки
  - Менаџмент на квалитет
  - Практикум по менаџмент
  - Бизнис симулации
  - Менаџмент на граѓански организации
- Планирање, подготовка на материјали и изведба на наставата по предмети од наставната група предмети по оперативен менаџмент на постдипломските студии:
  - Оперативен менаџмент
  - Проектен менаџмент

## В) Авторски остварувања:

### Објавени трудови како прв автор:

**„ПАНДЕМИСКИ ПРОФИТЕРИ" – ДАЛИ ДИГИТАЛИЗАЦИЈАТА И ОНЛАЈН ПРИСУСТВОТО БЕА СПАС ЗА КОМПАНИИТЕ ВО ПЕРИОДОТ НА ПАНДЕМИЈАТА?**
Седми стручен симпозиум на БАС, 2021г.

**A SYSTEMATIC REVIEW: SOFTWARE SOLUTIONS FOR TIME-MANAGEMENT IN REMOTE WORK SETTINGS**
Sixth international scientific-business conference, LIMEN 2020, 2020

**МОДЕЛ НА ДИГИТАЛИЗИРАНА НАСТАВА**
VI конференција – ,,Дигитализацијата и сајбер–безбедноста како менаџерски предизвици", БАС Институт за менаџмент и Бизнис Академија Смилевски – БАС

**THE BATTLE OF THE LMSS – MOODLE VS GOOGLE CLASSROOM: A COMPARISON BY A MOODLE ADMINISTRATOR,**
Moodlemoot Hrvatska online 2020г., .

**ГЕЈМИФИКАЦИЈА НА ОБРАЗОВАНИЕТО**
Шести стручен симпозиум на БАС, 2019г.

**БИЗНИС ЛАБОРАТОРИЈА – ИНОВАТИВЕН МОДЕЛ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА КАЈ СТУДЕНТИТЕ**
Петти стручен симпозиум на БАС, 2017г.

**УЛОГАТА НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ВО ПОДОБРУВАЊЕТО НА ВРАБОТЛИВОСТА**
Трети стручен симпозиум на БАС, 2014г.

## Објавени трудови во ко-авторство:

**MAPPING ORGANIZATIONAL LEARNING PRACTICES IN ORGANIZATIONS IN NORTH MACEDONIA**
Knowledge Management Institute Skopje, 2021
Проф. д-р Цветко Смилевски,
Виш. пред. м-р Горазд Смилевски,
Пред. м-р Билјана Галовска,
Пред. м-р Иван Ѓорѓиевски,

**ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ ВО УСЛОВИ НА ПАНДЕМИЈА**
Седми стручен симпозиум на БАС, 2021г.
Марина Јорданоска
Пред. м-р Иван Ѓорѓиевски

**ПРИДОБИВКИ ОД СОФТВЕРСКИТЕ РЕШЕНИЈА ЗА КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ**
V конференција: „Дигитализацијата и сајбер–безбедноста како менаџерски предизвици", БАС Институт за менаџмент и Бизнис Академија Смилевски – БАС, 2020г.
Андријана Апостолова, МБА
М-р Иван Ѓорѓиевски

**INVESTING IN LEARNING – CONTEMPORARY ORGANIZATIONAL CHALLENGE**
PILC 2018, PAR International Leadership Conference, 2018г.
Проф. д-р Даниела Карадаков,
Пред. м-р Иван Ѓорѓиевски,
Виш. Пред. м-р Горазд Смилевски

## Учества на собири, конференции, симпозиуми и обуки:

- 11тh Web & Online Moodle Moot, Serbia 2021г.
- Седми стручен симпозиум на БАС, 2021г.
- Knowledge Management Institute Skopje, 2021г.
- Седми стручен симпозиум на БАС, 2021г.
- Sixth international scientific-business conference, LIMEN 2020, 2020
- Moodlemoot Hrvatska online 2020г.
- V конференција: „Дигитализацијата и сајбер–безбедноста како менаџерски предизвици", БАС Институт за менаџмент и Бизнис Академија Смилевски – БАС, 2020г.
- Шести стручен симпозиум на БАС, 2019г.
- PILC 2018, PAR International Leadership Conference, 2018г.

## Реализирани обуки:

- **ТИМ-БИЛДИНГ, СТРЕСОРИ И СПРАВУВАЊЕ СО СТРЕС**
  СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА | ИПА СТРУКТУРА, СТРУГА, Р. С. МАКЕДОНИЈА 2018г.
- **ТИМ-БИЛДИНГ, ЗАВРШНИ АКТИВНОСТИ НА СЕРИЈАЛОТ ОРГАНИЗАЦИСКИ ОБУКИ**
  SPORTLIFE ДОО, ЉУБОТЕН, Р. С. МАКЕДОНИЈА 2018
- **ОПЕРАТИВЕН МЕНАЏМЕНТ, ОПЕРАЦИИ И БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА**
  НВО HOPS (HEALTHY OPTIONS PROJECT SKOPJE), СКОПЈЕ, Р. С. МАКЕДОНИЈА 2018
- **ПРОЕКТ БАСТИОН ПОДДРЖАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА: ТРЕНИНГ ЗА НАСТАВНИЦИ**
  ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ", ВЕЛЕС, Р. С. МАКЕДОНИЈА 2018

- **ПРОЕКТ БАСТИОН ПОДДРЖАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА: ТРЕНИНГ ЗА НАСТАВНИЦИ**
  ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „ГОСТИВАР“, ГОСТИВАР, Р. С. МАКЕДОНИЈА 2019
- **ПРОЕКТ БАСТИОН ПОДДРЖАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА: ОБУКА ЗА УЧЕНИЦИ**
  ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ“, ВЕЛЕС, Р. С. МАКЕДОНИЈА 18/19
- **ПРОЕКТ БАСТИОН ПОДДРЖАН ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА: ОБУКА ЗА УЧЕНИЦИ**
  ДРЖАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ „ГОСТИВАР“, ГОСТИВАР, Р. С. МАКЕДОНИЈА 18/19
- **ТИМБИЛДИНГ И МЕНАЏЕРСКИ ВЕШТИНИ (Циклус од 4 обуки)**
  JOHNSON MATTHEY, КУМАНОВО, Р. С. МАКЕДОНИЈА 2019
- **МЕНАЏМЕНТ, ОПЕРАЦИИ И МЕНАЏЕРСКИ ВЕШТИНИ**
  ПРОЕКТ PLAN D.OIRAN, ДОЈРАН, Р. С. МАКЕДОНИЈА 2020
- **ИСТРАЖУВАЊЕ, АНАЛИТИКА И КОНСУЛТАНТСКА ЕКСПЕРТИЗА ЗА ПРОЕКТОТ Е4Е - „ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА “**
  ХЕЛВЕТАС ШВАЈЦАРСКА ИНТЕРКООПЕРАЦИЈА ОД ШВАЈЦАРИЈА (ХСИ), СКОПЈЕ, Р.С. МАКЕДОНИЈА, 2021
- **ПИЛОТИРАЊЕ НА SCRUM CONSULTING – МОДЕЛ ЗА ТИМСКА РАБОТА ВО КОНСАЛТИНГОТ**
  ЗЛАТНА КОПАЧКА, СКОПЈЕ, Р.С. МАКЕДОНИЈА 2021

**Учество во други тела и активности:**

- Претседател на организациски одбор на стручен симпозиум во организација на Бизнис Академија Смилевски – од 2020 навака.
- Член на организациски одбор на научнаите конференции во организација на БАС Институтот за менаџмент и Бизнис академија Смилевски од 2017та навака.
- Член на организациски и програмски одбор на првата македонска и осмата балканска MOODLE MOOT конференција, 2018г.
- Член во повеќе комисии за изработка на правилници и процедури за работа во рамки на БАС.

## *II. Заклучок и предлог на Рецензионата комисија*

Комисијата комплетно ги разгледа документите и доказите за образовниот и кариерниот развој и авторските остварувања на кандидатот Иван Ѓорѓиевски.

Кандидатот ги задоволува критериумите за избор на виш предавач на Висока стручна школа и тоа: има завршено втор циклус на академски студии во областа на менаџмент, покажува способност за наставна и високостручна работа што се потврдува од претходните ангажмани како предавач, има објавено трудови од областа и има успешно искуство во работите од струката.

Врз основа на сите овие достигнувања Рецензионата комисија му предлага на Наставничкиот совет на Бизнис академија Смилевски, **м-р Иван Ѓорѓиевски** да го избере во постојан работен однос во наставното звање **виш предавач на висока стручна школа** за наставната област Оперативен менаџмент.

Скопје, декември, 2021

**РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА**

1. Проф. д-р Тони Соклевски
2. Проф. д-р Добри Петровски
3. Проф. д-р Таип Јакупи